185. Информација во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Близанци“ Општина Кратово и Општина Пробиштип, со Предлог-одлука

186. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Забрдо“ Општина Новаци

187. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Прашник“ Општина Кавадарци

188. Информација за состојбата на финансиските средства од јапонската помош за кредити за набавка на земјоделска механизација и вештачки ѓубрива кои се пласираат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2018 година

189. Информација за статусот и моменталната состојба на повеќенаменските водостопански објекти со предлог динамика за нивно запишување во сопственост на Република Северна Македонија

190. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон-г.р., Општина Сопиште, со Предлог-одлука

191. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување(викенд куќи) КО Челопек вон-г.р., Општина Брвеница, со Предлог-одлука

192. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Вашарејца, Општина Могила, со Предлог-одлука

193. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локално урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б1 - мали комерцијални и деловни намени, КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

194. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Владимирово, Општина Берово со Предлог-одлука

195. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на шестоседа жичара со паркинг простор и пристапен пат и резервоар за вода со цевковод за распрскување на вештачки снег КО Лисец вон-г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука

196. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ КО Драгов Дол, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

**в) политички систем**

197. Предлог-закон за правата на заедниците кои се помалку од 20 проценти во Република Северна Македонија

198. Информација за статусот на под-проектот Изградба на Воспитно-поправен дом Тетово, Општина Брвеница

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

199. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - андезит на Друштвото за градежништво производство трговија и услуги „Дине Трејд", ДОО Увоз-Извоз, Крива Паланка на локалитетот „Косовица" с.Узем, Општина Крива Паланка

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**
**г) предлози по кои Владата дава мислење:**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

200. Предлог-закон за изменување на Законот за основање на државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

201. Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Технолошко - технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

202. Иницијатива од Ацо Анастасовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.90/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19)

203. Иницијатива од Ванчо Велинов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 5 точка 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019).

204. Иницијатива од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 68 став 3 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018)

205. Иницијатива од Борис Јанкуловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2019)

206. Иницијатива од адвокат Ибраим Бајрами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 алинеја 2, член 14 став 1 алинеја 2 и член 67 став 1 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2019)

207. Иницијатива од Ристо Бачев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.119/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 63 став 4 алинеја 3 во делот: „очигледно“ и „односно се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019)

208. Понуда од нотар Нерџавин Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3423 за КО Глуво на КП бр.3296 викано место Под Церево

209. Известување од Извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување доставено под И.бр.653/18

210. Понуда од нотар Мирче Ристовски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1658 за КО Конско на КП бр.2435 ул. „св. Стефан“

**д) други предлози**

211. Кадровски прашања

212. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

213. Информација со табеларен преглед за сите еднострано раскинати договори за експлоатација на минерални суровини во 2018 година

214. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јули 2019 година

215. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за август 2019 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

216. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

217. Информација по однос на добиено барање на одгледувачите на пчели од регионот на Демир Хисар

218. Информација за потребата од зголемување на финансиските средства во рамки на иницијативата за задолжување за реализација на проектот Пречистителна станица за отпадни води во Скопје

219. Предлог-одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Во врска со информирањето за состојбите и извршените посети во општините Битола, Прилеп, Крушево, Кривогаштани, Долнени, Новаци, Могила и Демир Хисар:

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, истакна дека во целата наша држава се случува градежна офанзива на патната, водоводната, канализационата и железничката инфраструктура. Тој ги издвои објектите за отпадни и фекални води во Општина Битола, како и канализационите мрежи во Општина Долнени, Општина Могила и населените места Големо Коњари и Крушеани.

Во Пелагонија завршена е тековната реконструкција на патната инфраструктура, односно тоа е патот до Прилепското Езеро, патот Битола -Новаци, Битола -Демир Хисар, Макази-Ресен, како и железничката пруга Битола - Кременица. Битен напредок има и со гасоводот Неготино - Кавадарци - Прилеп - Битола со процент на реализација од над 70% до сега.

Притоа, истакна дека во Битола има сериозни инвестиции во здравството - реновирана е итната медицинска помош, реализирани се повеќе вработувања на медицински кадар, има вложувања во реконструкција во нови апарати. Лековите за секого во секое населено место се достапни без квоти.

Тој, исто така, истакна дека Битола е еден од четирите големи градови (Скопје, Битола, Тетово и Кичево) чие население ќе користи бесплатни инвертер клими, мерка која е дел од голем пакет на мерки што Владата го донесе. Оваа мерка се спроведува од страна на Електрани на Република Северна Македонија и на тој начин се влијае врз изворите на загадување и се штити здравјето на населението. Покрај ова ќе продолжат активностите за ставање филтри за отпрашување, како и филтри за десулфуризација, што е многу значајно за екологијата за целиот регион.

Тој, истакна дека Владата е посветена на развојот на децата, заради што инвестирано е во градинките во општините во Кривогаштани, Кравари, Новаци, Прилеп и Ресен, а е извршена трансформација на домот за доенчиња во пет мали групи домови, со што е финализиран процесот на вадење децата од институциите и нивно сместување во мали домови.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, ја истакна важноста од тоа општините да ги комплетираат проектите за локалните патишта, бидејќи токму со комплетни проектни документации, ќе се докаже првиот услов за тендерирање во Светска банка. Станува збор за износ од 70.000.000 евра, кои со комплетна документација ќе може рамноправно да се распределуваат низ сите општини во државата.

Исто така, информира дека од голема важност ќе биде до крајот на октомври да поминат измените на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, согласно кој ќе може да се пристапи кон склучување на Анекс со ТАФ, со кој Анекс 30.000.000 евра директно ќе почнат

да се применуваат за реализација на проекти, пред се канализации и водоводи, дел се и училишта, детски градинки и училишни згради. Со тоа препорача да бидат проектите готови до февруари - март 2020 година, за пролетта да може да се започне со реализација.

Министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска истакна дека детските градинки во општините Кривогаштани, Битола, Кравари, Новаци и Прилеп се опремени, а исто така инвестиции се вложени во Центарот за ран детски развој во Кривогаштани, Бела Црква, Крушево и с.Бучин.

Градежни активности и опремување се во тек на објектот на детската градинка „Снегулка“ во Битола (локација АРМ) и детската градинка во делот на објектот Дом за доенчиња.

Во Прилеп извршена е адаптација на простор и опремување на Дневен центар за деца со церебрална парализа.

Во Битола и Прилеп отворени се две канцеларии за социјална парична помош и државна помош, кои ќе ги опслужуваат сите граѓани од овој регион.

Во делот на заштита на жртвите од семејно насилство во Прилеп и Битола, до крајот на оваа година ќе бидат отворени советувалишта, а во 2020 година ќе бидат формирани тимовите кои ќе работат со сторителите, со помош на експерти од Холандија.
Во делот на оперативните мерки за вработување во 2019 година опфатени се 655 лица од Пелагонискиот регион. Во делот на младинска гаранција во Битола влегоа 486 млади лица од кои се вработени 125 лица.

Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, истакна дека во општините од овој регион не постои проект што не се работи. Во делот на патишта завршени се клучката Крклино- влез Битола, Рапеш - Старавина, Прилеп - Прилепско Езеро, Лозани - Башарица, Бистрица- Драгош, рехабилитација на регионален пат Битола - Новаци, рехабилитација на државниот пат Обиколница Битола каде што е направена и санација на свлечиштето.

Во делот на водоводната мрежа извршена е реконструкција на водоводната мрежа низ с. Породин, изградба на доводен цевковод, изградба на систем за водоснабдување на населените места Секирани - Галаца и Лопатица. Заедно со Општина Битола извршена е реконструкција на водоводната мрежа во с. Лавци, односно изграден е разводен водоводен профил.

Изградена е фекална и канализациона мрежа во с. Могила и с. Крушеани, Општина Кривогаштани.

Изграден е дел од канализациона мрежа во н.м. Големо Коњари, Општина Прилеп.

Во однос на патиштата започната е изградбата на регионалниот пат Прилеп - Тополчани - Битола кој ќе биде готов до април 2020 година. Деновиве ќе отпочне со изградба патниот правец Крушево - Слива - Пуста Река, изградбата на патниот правец Теранец - Дреново ќе

започне наредниот месец, патниот правец Могила - Радомир - Будаково ќе заврши до крајот на 2019 година, како и патниот правец Галачани - Гелвештани, Општина Кривогаштани.

Санацијата на свлечиштето Претор - Маркова Нога и изградбата на заштитна ограда кај обиколницата кај Битола ќе започне во најкраток временски период.

Во првата половина на 2020 година ќе започне изградбата на новиот експресен пат од Битола до грчката граница (Меџитлија), а исто така се подготвува и проектна документација за автопатот Прилеп - Битола.

Во делот на комуналната инфраструктура во тек е:

- изградба на резервоар за питка вода с.Горино, Општина Крушево;
- доизградба на фекална канализација со пречистителна станица во с.Ропотово;
- доизградба на водоводна линија во Општина Крушево;
- изградба на фекална канализација во с.Норово и
- реконстукција и изградба на водоводни и канализациони линии во Општина Битола.

Во делот на железницата изградена е пругата Битола - Кременица чие пуштање во употреба ќе се изврши по пуштањето на оптичкиот кабел.

Гасификацијата во потегот Неготино -Битола има голем напредок и се изведува согласно предвидената динамика.

Министерот за транспорт и врски информира дека во постапка е земање кредит во износ од 70 милиони евра за изградба на локални патишта од Светска банка, за кои ќе биде потребно општините навреме да подготват проекти со кои ќе учествуваат на тендерите, со цел изведбата да започне во март-април 2020 година.

Во врска со патниот правец Претор - Маркова Нова, кој е дел од реализацијата на Преспанскиот договор, потребно е Јавното претпријатие за државни патишта да преземе соодветни мерки со оглед на тоа дека од грчка страна патот е пробиен и е пред тампонирање.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, истакна дека РЕК Битола оваа година постигна најдобри резултати во производството на електрична енергија чиј план за октомври е надминат за 15%.

Цената на електричната енергија стагнира во период од три години и е воведена евтина тарифа која има ефект од 8-11 милиони евра на годишно ниво.

Цената на парното греење во Скопје е намалена и при тоа се намали ДДВ од 18 % на 5%. Исто така, намалена е преносната такса на гасот.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, истакна дека Електрани на Северна Македонија во последните години има најпрофитабилно работење, со акумулирана добивка над 43.000.000 евра и ликвидни средства над 87.000.000 евра. Токму ликвидните средства ќе овозможат да се планираат сите инвестициони проекти во Електрани на Северна Македонија, пред се филтрите кои ќе чинат помеѓу 25.000.000 и 30.000.000 евра, механизација 19.000.000 евра и 30.000.000 евра евентуална втора фаза на системска механизација на Брот - Гротино, односно Електрани на Северна Македонија ќе може да ги заврши овие инвестирања со сопствени средства.

Во постапка е потпишување на договор за изградба на десет мегавати прва фотоволтаична централа во Осломеј, а за кратко ќе следи и друга.

Потпишани се договори за реализација на два проекти над 30 мегавати за изградба на ветерни електрани, а во постапка е потпишување на уште еден договор за проект.
Ќе се отвори тендерска постапка за два проекта за изградба на фотоволтаични електрани од по 50 мегавати во Осломеј, каде што ќе се искористи трафостаницата.

Од средствата од ИПА 2, конкретно проектот „Локален, рамномерен, регионален развој", кој содржи три компоненти, односно компонента во општините, компонента за мали микро претпријатија и компонента за асоцијации, во однос на општините станува збор за инфраструктурни проекти, практично градби кои што би придонеле за развој на туризмот по општините. Конкретно посочи за Општина Битола со кој што проект се реновира Офицерскиот дом, во Крушево се реализира проект за развој на параглајдерството и во Прилеп се интервенира на замокот Маркови кули.

Притоа, укажа во наредниот период:

- дека е потребно да се распише нов тендер за изградба на експресниот пат Прилеп - Битола (делница за кој е раскинат договорот со фирмата Рубау).
- да се изнајде можност за изградба на експресниот пат од 36 км од Велес до Прилеп.
- Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, истакна дека:
- Изграден е новиот Центар за заштита на електронски податоци на Министерството за внатрешни работи во Прилеп во вредност од 11 милиони евра;
- извршена е целосна реконструкција на зграда на Секторот за внатрешни работи во Битола;
- целосно е завршен проектот за сопствени регистарски таблички за Крушево и Демир Хисар и
- во тек е анализа за потребата од отворање нов сектор за внатрешни работи во Битола.
- Заменикот на министерот за животна средина и просторно планирање, м-р Јани Макрадули, истакна дека:

- денес се промовира започнувањето на изградбата на мала пречистителна станица во Трново и Магарево во рамки на кој направен е 80 км пат од Пелистер до Брајчино по кој може да се стигне пешки или со велосипед.
- Во рамки на Проектот отворена е ботаничка градина во која ќе се реализираат повеќе едукативни проекти за млади.
- Во рамки на планот за чист воздух ќе се реализира проект за загревање на повеќе основни училишта во овој регион.

Министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, информираше дека во Скопје е отворена сала за една точка за услуги. Вакви сали до крајот на годината ќе бидат отворени во општините Куманово, Тетово и Охрид, а во наредната година во општините Прилеп, Битола и Крушево.

Заменикот на министерот за финансии, д-р Ширет Елези, истакна дека:
- Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран од Светската банка е реализиран околу 63%;
- Во Општината Демир Хисар, изграден е локален пат во с.Обедник и с.Смилево, а исто така во постапка е набавка на противпожарното возило;
- Во Општина Битола, изградена е улица во с.Долно Оризари и набавени се четири еколошки автобуси;
- Извршена е реконструкција на пет локални улици во Општина Демир Хисар;
- Во Кривогаштани инсталирани се лед светилки на улично осветлување;
- Во Општина Могила изграден е повеќенаменски објект во населеното место Могила, а во Општина Долнени извршена е реконструкција на суводолици во с.Тунелиште;
- Во Општина Битола, извршени се реконструкции на 7 улици и
- Со Ребалансот на буџетот за 2019 година ќе се зголеми износот на средства за блок дотации до општините.
- Министерот за култура, Хусни Исмаили, истакна дека:
- Со Општината Битола склучен е договор за поддршка за реновирање на Киното Манаки кој е во тек на реализација.
- Во врска со фрескописите во Курбиново се планира да се направи Проект за заштита на фрескописот кој ќе започне да се реализира во следната година, а целиот проект ќе биде завршен во 2021 година.
- Издвоени се средства за реконструкција на Спомен куќата на Тоше Проески во Крушево.
- Притоа, истакна дека посебно за пофалба е Музејот за албанската азбука, поради тоа што истиот е реновиран и конструиран со средства добиени од странство како грант.

Министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Музафер Бајрам, побара Општина Битола да извести дали постои проект за надградба на водоводна мрежа.

Министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, информираше дека германската компанија ВЕК која работи во ТИРЗ зоната во Прилеп најави дека во следната година ќе започнат проект со многу поголема застапеност на висока технологија.

Министерот за здравство, д-р Венко Филипче, истакна дека:

- Во Здравствениот дом и Болницата во Општина Битола инвестирано е во опрема и во подобрување на инфраструктурата.
- Во Здравствениот дом бројот на вработени е зголемен за 20%.
- Целосно е реновирано Одделението за итна помош.
- Во болницата во Општина Битола има 140 нови вработувања.
- При реконструкција на болницата Министерството за здравство ќе помогне со средства за реновирање на болницата.
- Во Општина Прилеп завршена е постапката за ендоскопскиот столб и во наредната година ќе започне спроведувањето на операции.
- Општина Крушево доби ново возило за прва помош.

Градоначалникот на Општина Битола, Наташа Петровска, го истакна значењето на соработката помеѓу локалната и централната власт за успешна реализација на проектите и ги посочи следните прашања:

- Имајќи предвид дека Општината досега инвестирала во проекти во вредност од повеќе од 4.000.000 евра, а граѓаните не се соодветно информирани за активностите, до членовите на Владата се обрати за Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно член 102 од Законот, со кој меѓудругите и на единиците на локалната самоуправа им се забранува рекламирање, односно не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери.

- Понатаму, како прашање се посочи и Законот за прогласување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење, со чии што одредби Општина Битола се соочува со сериозен проблем, конкретно при реконструктивни зафати што значат гребење на асфалт и рехабилитација на коловоз.

- Општина Битола на влезот од страната на Општина Ресен има сообраќајно решение кое што не е соодветно. Од страна на Општината е поднесено барање до Јавното претпријатие за државни патишта за да влезе во Програмата на претпријатието со цел да се имплементира решение согласно стандардите, па градоначалникот на Општина Битола, Наташа Петровска, се обрати со цел да се добие одговор во однос на временската рамка.

- Исто така, градоначалникот на Општина Битола, Наташа Петровска, како прашања ги истакна и проектите за рехабилитацијата на патот на граничниот премин Меџитлија, преку населбата Кравари, каде дневно транзитираат огромен број на возила, Проектот за изградба на пречистителна станица во Општина Битола и Проектот за гасификација, особено синхронизацијата на гасификацијата и топлификацијата во Општина Битола.
Имајќи го предвид горенаведеното Владата, заклучи:

1. Во врска со старото градско јадро на Битола, Струга, Охрид и Скопје, министерот за култура со надлежните институции да изготви план на приоритетни активности.

2. Се препорачува Општина Битола да преземе активности за изготвување план за зонирање на градот во кој ќе се утврдат зоните кои ќе бидат гасифицирани, кои ќе се загреваат преку топловодна мрежа, а кои ќе се загреваат со инвертери.

3. Во врска со прашањето за сместување на социјално загрозеното населението од Баирот, да се изнајде трајно решение преку финансирање на изградбата на современи типови на куќи од страна на Владата, при што Општината да партиципира со изградба на комуналната инфраструктура (водовод, канализација и пристапен пат).

Градоначалникот на Општина Прилеп, Илија Јовановски, до членовите на Владата ја укажа благодарноста за поддршката од Владата за реализацијата во многу проекти на Општината. Особено ја истакна својата благодарност за Проектот за изградбата на новиот центар за заштита на електронски податоци на Министерството за внатрешни работи и извести за благодетите кои се чувствуваат од изградбата на пречистителната станица во Општина Прилеп, притоа посочувајќи ги следните прашања:

- Потребата на Општина Прилеп од Проектот за изградба на секундарната дистрибутивна гасоводна мрежа и очекуваната поддршка од Владата за истото.

- Понатаму го истакна прашањето за Проектот за изградба на театар во Општина Прилеп, каде Општината го изработила Предлог-идејниот проект за изградба на театар и очекува овој Проект за влезе во Буџетот за 2020 година.

- Како многу важен момент го истакна прашањето за клучката Прилеп - Плетвар, односно потребата да се изработи проектна документација за истата, со цел изградбата да биде завршена во 2021 година.

- Исто така, градоначалникот на Општина Прилеп, Илија Јовановски ги информираше членовите на Владата за Проектот за изворите на Пашовски ливади, како Проект од особено знаење, бидејќи и покрај големите напори на Општината и ЈП за водовод и канализација, Општината се соочува со проблем со недоволно снабдување со вода и согласно тоа смета дека овој Проект треба да биде завршен до 2020 година.

- Истовремено, градоначалникот на Општина Прилеп, Илија Јовановски го постави прашањето околу буџетите на општините, односно од потребата за состанок со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство за либеризација на буџетите на општините.

Во врска со горенаведеното Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да изнајдат решение за клучката Прилеп - Плетвар, односно да се

изработи проектна документација со што изградбата да се реализира заклучно со 2021 година.

2. Во врска со водоснабдувањето на Општина Прилеп, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да подготват соодветна проектна документација.

3. Во врска со новиот театар во Општина Прилеп, се укажува на Општината, Предлог-идејниот проект да го достави до Министерството за култура кое ќе подготви главен проект и ќе обезбеди негово финансирање.

Градоначалникот на Општина Крушево, Томе Христоски во своето обраќање ја истакна важноста за Општината од развивањето на туризмот и согласно тоа ги посочи следните прашања:

- Имајќи предвид дека на Општина Крушево како туристичко место и се потребни проодни патишта, со кои експресно ќе се стигнува до Општината, ја поздрави инцијативата за реализација на проектите за рехабилитација и санација на регионалните патишта Кривогаштани - Крушево и Крушево - Демир Хисар, како и ја истакна потребата од побрза реализација на Проектот изградба на регионалниот пат Алванци - Норово - Житоше.

- Градоначалникот на Општина Крушево, Томе Христоски, ги извести членовите на Владата за состојбата на платото на Гумење и за потребата од санација на истото.

- Истовремено, информираше за проблемот со изворите од селото Сламско, од кои што се наводнуваат приватни површини од Општина Македонски Брод, која што не сака да даде дел од изворите на Општина Крушево. Со ова Општина Крушево се соочува со два проблеми, односно недостаток на вода за пиење од главниот доток Студенчица, вода која што ја испумпуваат од 250 метри на 1300 метри, а тоа месечно ја чини Општината од 10.000 до 15.000 евра за испумпување за струја и дополнително недостиг на вода за време на сезона во јуни и јули. Градоначалникот на Општина Крушево, Томе Христоски се обрати до членовите на Владата за можноста од евентуално решение на овој проблем по пат на медијација.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата заклучи:

1. Во врска со Спомен куќата на Тоше Проески во Крушево Министерството за култура, бидејќи градежните активности нема да се изведуваат во 2019 година, да ја разгледа можноста во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за префрлање на финансиските средства на посебна сметка на Општина Крушево во оваа година.

2. Во врска со рехабилитацијата и санацијата на двата патни правци Кривогаштани - Крушево и Крушево - Демир Хисар, Владата констатира дека тендерската документација е подготвена и нивната изградба ќе започне во текот на наредната година.

3. Во врска со прашањето со состојбата на платото на Гумење,, Општина Крушево, Владата го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта во новата годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта, да предвиди средства за ставање втор слој на асфалт за платото на Гумење во Општина Крушево.

4. Изградбата на регионалниот пат Алванци - Норово - Житоше, Владата заклучи да биде дел од програмата за регионални патишта на Јавното претпријатие за државни патишта и при тоа да се води сметка за претходна изградба на канализационата мрежа.

5. Со оглед дека туризмот е иднината на Општина Крушево, Владата дава поддршка и ги задолжи надлежните министри на соодветен начин да партиципираат во развојот на оваа Општина.

Градоначалникот на Општина Могила, Јасмина Гулевска, во однос на прашањата кои се од интерес за Општина Могила истакна за следното:

- Општина Могила од вкупно 22 населени места има потреба за донесување на Урбанистички план за 18 населени места и за нивно донесување ги информираше членовите на Владата за потребата НУ Музеј и завод Битола да излезе на терен.

- Градоначалникот на Општина Могила, Јасмина Гулевска, информираше и за потребата од технички персонал во трите училишта во Општината за управување со котелот на пелети.

- Понатаму, трите општини Могила, Битола и Новаци имаат формирано комисија за транспорт и врски, со цел меѓуопштинска соработка за линиски превоз на патници (конкретно поврзан со превозот на ученици), каде што втора година по ред се создаваат проблеми и заради тоа се упати до членовите на Владата за да се изнајде решение за ова прашање.

- Исто така, го образложи и прашањето поврзано со дозволата за продажба на градежно земјиште во Индустриската зона Петилек од Министерството за транспорт и врски. Општина Могила за месноста Петилек има донесено Урбанистички план за лесна незагадувачка индустрија за Г1 и Г2 и за 2,75 хектари производство на електрична енергија.

- Општина Могила во соработка со амбасадата на Соединетите американски држави и УСАИД има започнато проект Агроеконом зона, односно изградба на фарми кои што би биле единствени на Балканот и би биле копи пејст на фармите во Хрватска. Конкретно за овој проект граѓаните би можеле да користат ИПАРД фондови. За истото Општина Могила го има информирано Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се формирани работни групи, но за овој Проект снабдувањето со електрична енергија е од особена важност.

- Поврзано со поплавите кои се случија во 2015 година, градоначалникот на Општина Могила, Јасмина Гулевска, укажа дека и покрај Барањето за информација за исплата на

земјоделски површини до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и до второстепената комисија, сеуште не се исплатени средства за 80 домаќинства.

- Градоначалникот на Општина Могила, Јасмина Гулевска, информираше дека во Општината има 30 доенчиња во ран детски развој, за кои нема просторен капацитет за сместување и посочи дека Општината прифаќа ова прашање да се реши со преадаптација која опфаќа набавка на 30 креветчиња, транспорт на храната и одредување на кујна.

- Истовремено, градоначалникот на Општина Могила, Јасмина Гулевска информираше и за степенот на реализација на изградбата на мали пречистителни станици во населените места во Општина Могила.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата заклучи:

1. Во врска со проблемот со технички персонал во трите училишта во Општина Могила, Владата го задолжи Министерството за образование и наука да ја оцени можноста и да предложи соодветно решение.

2. Во врска со изградбата на мали пречистителни станици во населените места во Општина Могила, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање да ја разгледа можноста за финансирање за следната година на малите пречистителни станици.

3. Во врска со проблемот со 30 доенчиња во ран детски развој, за кои нема просторен капацитет за сместување во Општина Могила, Владата заклучи Центрарот за ран детски развој во Општина Могила ќе добие статус на клон на градинката во Општина Битола, а во 2020 година доколку се обезбедат средства од Светска банка ќе се пристапи кон изградба на градинка во Општина Могила.

Градоначалникот на Општина Кривогаштани, Рубин Шехтеровски, во однос на прашањата кои се од интерес за Општина Кривогаштани истакна за следното:

- Општина Кривогаштани има потреба од брзо решавање на прашањето за Проектот за изградба на мали пречистителни станици, особено неколку населени места во Општината кои се соочуваат со сериозни проблеми (непријатна миризба).

- Градоначалникот на Општина Кривогаштани, Рубин Шехтеровски го посочи проблемот и потребата од брзо наоѓање на решение за патот Галичани - Боротино, кое што граничи со Општина Прилеп, а на кое има голем промет на моторни возила, пред се во сезона на откуп на земјоделски производи.

- Истовремено, градоначалникот на Општина Кривогаштани, Рубин Шехтеровски, го посочи прашањето со полициската станица во Општина Кривогаштани и потребата да се среди влезот во истата, како и моторните возила кои се одземени и не се соодветно сместени.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата заклучи:

1. Во врска со проблемот со изградбата на малите пречистителни станици во населените места во Општина Кривогаштани, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање да преземе активности за малите пречистителни станици.

2. Во врска со проблемот со патот Галичани - Боротино, кој што граничи со Општина Прилеп а на кој има голем промет на моторни возила, пред се во сезона на откуп на земјоделски производи, Владата го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта во програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта, да го планира овој патен правец.

3. Во врска со влезот во полициската станица во Општина Кривогаштани, како и моторни возила кои се одземени а не се соодветно сместени, Владата заклучи Министерството за внатрешни работи да ја вклучи оваа полициска станица во програмата за наредната година, а во врска со одземените моторни возила Министерството за внатрешни работи да оствари контакти со Агенцијата за управување со одземен имот за решавање на ова прашање.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар, Марјанче Стојановски, во однос на прашањата кои се од интерес за Општина Демир Хисар истакна за следното:

- Општина Демир Хисар има започнато проект поддржан од страна на Европска инвестициона банка, за проектирање на мали пречистителни станици и се обрати на членовите на Владата за потребата од побрза реализација на истиот.

- Градоначалникот на Општина Демир Хисар, Марјанче Стојановски, информираше за потребата од добивање на согласност за наставен кадар во неколку училишта во Оштината.

- Исто така, поради технички пропуст не биле исплатени субвенции на 36 пчелари од Општина Демир Хисар, кои се занимаваат со производство на органски мед, за 2018 година. Поднесено е барање до Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и за ова ја нагласи потребата за наоѓање на брзо решение за исплата на субвенциите.

- Градоначалникот на Општина Демир Хисар, Марјанче Стојановски, го посочи прашањето за уредување на речното корито во Општина Демир Хисар, подрачје кое што често го поплавува Стара река и кој Проект изнесува околку 40.000.000 денари. Бидејќи Општината не може сама да го финансира Проектот, побара помош од државата да финансира 500 метра од коритото.

- Во Општина Демир Хисар има две вештачки езера Крагуево и Суводол, кои не се во употреба десетина години. Во изминатиот период линијата е оштетена од несовесни граѓани. Ова го посочи како важно прашање со кое би се решило наводнувањето на полето, со што нивното враќање во употреба би ги зголемило и земјоделските приходи.

- Понатаму, го образложи постоењето на акумулацијата Бучим како голем проблем за три села Света, Вардино и Единаковци, кои се населени места со над 1000 жители, а немаат канализациона мрежа. Се обрати до членовите на Владата да се најде начин да се прекине изградбата на Езерото Бучим, бидејќи поради тој Проект, Општината не може да издаде одобрение за градба на канализациона мрежа за овие три села.

- Во склоп на Домот на културата во Општина Демир Хисар работат библиотеката „Петре М. Андреевски", Литературниот клуб „Илинден" и Културно уметничкото друштво „Илинден" меѓутоа во зимскиот период се прекинува нивното функционирање, поради проблемот со затоплување. Градоначалникот на Општина Демир Хисар, Марјанче Стојановски, побара да се најде начин за ова прашање, односно да се постави систем на греење.

- Истовремено, градоначалникот на Општина Демир Хисар, Марјанче Стојановски, го посочи и прашањето за обиколницата Демир Хисар - Прилеп, кај с.Граиште. Станува збор за регионален пат кој што поминува низ с. Граиште и е многу ризичен за жителите од тоа село. Подари таа причини, се обрати до членовите на Владата, да влезе во Програмата за 2020 година.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата заклучи:

1. Во однос на Проектот поддржан од страна на Европската инвестициона банка за проектирање на мали пречистителни станици, Владата ги задолжи Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Општината да изнајдат решение за изградба на пречистителната станица во Општина Демир Хисар.

2. Во врска со прашањето за добивање согласност за наставен кадар во неколку училишта во Општина Демир Хисар, Владата заклучи Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за финансии да изнајдат решение за надминување на ова прашање.

3. Во врска со прашањето за уредување на речното корито во Општина Демир Хисар, подрачје кое што често го поплавува Стара Река, каде Општината бара помош од државата да го финансира уредувањето на 500 метри од коритото, Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, да ги преземе потребните активности за отпочнување со работа на овој проект во наредната година.

Градоначалникот на Општина Долнени, Џемил Ќамили, во однос на прашањата кои се од интерес за Општина Долнени истакна за следното:

- Во Општина Долнени има населени места кои што немаат вода за пиење, а имаат голем број на жители. За овие населени места Црнилиште, Слепче, Браилово и Десово, Општината има изработено Проект за да се приклучат кон водоводната мрежа на Студенчица. Проектот е изработен, но градоначалникот на Општина Долнени, Џемил Ќамили, се обрати на

членовите на Владата за можноста Општината да добие финансиска поддршка, имајќи предвид дека нема доволно средства сама да го реализира Проектот.

- Понатаму, градоначалникот на Општина Долнени, Џемил Ќамили го посочи прашањето за реконструкција на регионалниот пат од с.Лажани до с.Црнилиште.

- Исто така, населението во Општина Долнени воглавно се занимава со земјоделство, особено производство на тутун. За оваа цел потребно е да се изгради систем за наводнување, кој што ќе ја олесни работата.

- Во однос на канализацијата во Десово, има застој во првата фаза од страна на фирмата која што го добила тендерот за реализација на Проектот. Преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Општина Долнени добила средства од 18.000.000 милиони за втората фаза. Од тие причини градоначалникот на Општина Долнени, Џемил Ќамили, се обрати на членовите на Владата за изнаоѓање на решение за да се отстранат пречките за застојот во првата фаза.

- Истовремено, градоначалникот на Општина Долнени, Џемил Ќамили, информираше за потребата од нов училишен објект во с.Лажани, додека пак во с.Црнилишта за потребата од изградба на спортска сала, имајќи предвид дека тука има 400 ученици.

- Градоначалникот на Општина Долнени, Џемил Ќамили, го посочи прашањето за можноста за евентуално проширени ингеренции на полициското одделение во Ропотово, особено дека станува збор за население со различна верска и етничка припадност. Како друг проблем е и тоа што полициското одделение во Ропотово во моментот функционира со едно полициско возило а има голем терен за покривање.

- Истовремено, градоначалникот на Општина Долнени, Џемил Ќамили истакна дека Општина Долнени ќе достави барање до Министерството за внатрешни работи за издавање на регистарски таблици за Општина Долнени.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата заклучи:

1. Се препорачува на Општина Долнени документацијата за Проектот за изградба на водовод со приклучок на хидросистемот Студенчица, во населено место Црнилиште, да ја достави до Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел да се обезбедат средства за оваа намена.

2. Во врска со реконструкцијата на регионалниот пат од с.Лажани до с.Црнилиште, Владата и препорача на Општината Долнени да ја комплетира целокупната техничка документација и да ја достави до Министерството за транспорт и врски.

3. Во врска со потребата од изградба на спортска сала во с.Црнилишта, Општина Долнени, Владата го задолжи Министерството за образование и наука да ја разгледа можноста за изградба на спортската сала.

Градоначалникот на Општина Новаци, Љубе Кузманоски, во однос на прашањата кои се од интерес за Општина Новаци истакна за следното:

- Општина Новаци има поднесено Проект за брана на река Решка, во атарот на с.Гермијан, за кој се обезбедени средства. Со изградбата на браната на река Решка ќе се обезбеди вода за наводнување за околу 500 до 800 хектари и во зависност од тоа колку каналска мрежа ќе направи Општината, на тој начин и ќе финансира. Градоначалникот на Општина Новаци, Љубе Кузманоски, се обрати на членовите на Владата решението за овој Проект да започне во 2020 година.

- Во однос на проектите за локални патишта и улици, градоначалникот на Општина Новаци, Љубе Кузманоски ги информираше членовите на Владата дека до Министерството за транспорт и врски се поднесени барања за два патни правци, патен правец спрема Будимирци и патен правец спрема Брод.

- Понатаму, градоначалникот на Општина Новаци, Љубе Кузманоски истакна дека Општина Новаци има четири комплетни проекти за изградба на мали пречистителни станици за четири населени места, додека пак во Министерството за транспорт и врски од страна на Општината поднесен е Проект за водоснабдување на четири населени места, за кои вода ќе се обезбедува од ЈП „Водовод“ Битола. Се обрати до членовите на Владата за можноста за побрза реализација на Проектот.

- Истовремено, градоначалникот на Општина Новаци, Љубе Кузманоски, го посочи проблемот со превозот на учениците од основно и средно образование од Општина Могила, за три правци, за кој е потребно брзо наоѓање на решение.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата заклучи:

1. Во врска со проблемот со превозот на учениците од основно и средно образование во Општина Новаци, Владата заклучи Агенцијата за управување со одземен имот да обезбеди возила за превоз на учениците од Општина Новаци.
Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Министерството за финансии во соработка со ЗЕЛС да одржат работна средба на која ќе се разгледа можноста за зголемување на лимитите на буџетите на општините за 2020 година.

2. Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, заедно со медиумската заедница, новинарите и медиумските работници да ја разгледаат можноста да се овозможи локалните и регионалните медиуми да се финансираат на начин како што се финансираат печатените медиуми.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, да се вклучи во проектите на општините

поддржани од страна на Европска инвестициона банка, за проектирање на мали пречистителни станици.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, истакна дека вложувањето во овој регион ќе продолжи со уште поголем интензитет за директни придобивки за граѓаните и побрза реализација на проектите, со што овој начин на одржување на седници на Владата, кои ќе се одржуваат согласно агенда во различни градови (регионални центри) ќе даде особен придонес и поголем импакт во реализацијата на проектите.

<u>Точка 2</u>

Владата по Барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом Кочо Рацин - Битола, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените количини на нафтени деривати да бидат на товар на Државниот студентски дом Кочо Рацин - Битола.

<u>Точка 3</u>

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со склучување на Договор за доделување на финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за производство „Адиент сеатинг“, ДООЕЛ Штип како корисник на финансиска поддршка со седиште на ТИРЗ - Технолошко индустриска развојна зона бр.14 Штип, Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата достави позитивно мислење по материјалот ја усвои со следниве заклучоци:

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7569/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Трговско друштво за производство трговија и услуги „Митротек“ увоз-извоз Охрид ДООЕЛ, со Анекс на Договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7569/1 од 31.07.2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише Анексот кон Договорот бр.13-7569/ 1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Трговско друштво за производство трговија и услуги „Митротек" увоз-извоз Охрид ДООЕЛ.

## Точка 173

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со склучување на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7604/1 од 31.07.2018 година и бр.13-7604/4 од 1.11.2018 година на Друштво за производство, трговија и услуги „Мирана Мирсинова Ана" ДООЕЛ експорт-импорт Велес, со Анекс на Договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7604/1 од 31.07.2018 година и бр. 13-7604/4 од 1.11.2018 година, во предложениот текст.

2. Наместо Зорица Апостолска министер без ресор задолжен за странски инвестиции се овластува Елвин Хасан, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише Анексот кон Договорот бр.13-7604/1 од 31.07.2018 година и бр.13-7604/4 од 1.11.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги „Мирана Мирсинова Ана" ДООЕЛ експорт-импорт Велес.

## Точка 174

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Договорот бр.13-7567/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштво за конфекција на облека, увоз-извоз, трговско застапување во земјата и во странство „Текспорт" ДООЕЛ Марино Илинден, со Анекс на Договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7567/1 од 31.07.2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише Анексот кон Договорот бр.13-7567/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за конфекција на облека, увоз-извоз, трговско застапување во земјата и во странство „Текспорт" ДООЕЛ Марино Илинден .

## Точка 175

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7590/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство трговија и услуги „Стара Фурна“ увоз - извоз ДООЕЛ Прилеп, со Анекс на Договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7590/1 од 31.07.2018 година, во предложениот текст.

2. Наместо Хисен Џемаили, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија се овластува Елвин Хасан, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише Анексот кон Договорот бр.13-7590/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство трговија и услуги „Стара Фурна“ увоз - извоз ДООЕЛ Прилеп .

## Точка 176

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Договорот бр. 10-7551/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за трговија, производство, услуги, шпедиција увоз извоз „Пекабеско“ АД Кадино, Илинден, со Анекс на Договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.10-7551/1 од 31.07.2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Хисен Џемаили, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, во име на Владата да го потпише Анексот кон Договорот бр.10-7551/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за трговија, производство, услуги, шпедиција увоз извоз „Пекабеско“ АД Кадино, Илинден.

## Точка 177

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Договорот бр. 12-7521/1 од 31.07.2018 година изменет со Анекс бр.12-7521/4 од 06.11.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство на текстил и текстилни производи трговија на големо и мало „Комфи- Ангел“ увоз- извоз Прилеп ДОО, со Анекс на Договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.12-7521/1 од 31.07.2018 година и бр. 12-7521/4 од 06.11.2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Бардуљ Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише Анексот кон Договорот бр.12-7521/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство на текстил и текстилни производи трговија на големо и мало „Комфи- Ангел“ увоз- извоз Прилеп ДОО.

**Точка 178**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Договорот бр.13-7645/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство промет и услуги „Галатекс“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, со Анекс на Договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7645/1 од 31.07.2018 година, во предложениот текст.

2. Наместо Хисен Џемаили, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија се овластува Елвин Хасан, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише Анексот кон Договорот бр.13-7645/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство промет и услуги „Галатекс“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

**Точка 179**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Договорот бр. 12-7527/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги „Бел Бор Еџо“ увоз извоз ДООЕЛ с. Дебреште Долнени, со Анекс кон Договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Анекс на Договор за доделување на финансиска поддршка бр.12-7527/1 од 31.07.2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Бардуљ Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише Анексот кон бр.12-7527/1 од 31.07.2018 година за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги „Бел Бор Еџо“ увоз извоз ДООЕЛ с. Дебреште Долнени.

## Точка 180

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поканата за одржување на вонредна седница на Собранието на акционери на „ЈУБМЕС банка" АД Белград закажана за 17 октомври 2019 година, со дополнувањето кон неа и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии до ЈУБМЕС банка АД Белград за закажаната вонредна седница на Собранието на акционери за 17 октомври 2019 година, да достави формулар за гласање во отсуство, со следното произнесување по предложениот Дневен ред:

• По однос на точките од дел I Претходна постапка нема гласање.

• По однос на точките од дел II Редовна постапка:

1. Предлог-одлука за именување на г-дин Небојша Стојановиќ за независен член на Управниот одбор, да гласа „ВОЗДРЖАНО".

2. Предлог-одлука за разрешување на г-дин Миломир Глигоријевиќ, член на Управниот одбор, да гласа „ВОЗДРЖАНО".

3. Предлог-одлука за именување на г-дин Немања Трифуновиќ за член на Управниот одбор, претставник на акционерот Хидротехника - Хидроенергетика АД Белград, да гласа „ВОЗДРЖАНО".

4. Предлог-одлука за разрешување на г-дин Зоран Лилиќ, претседател - независен член на Управниот одбор и именување на г-дин Давор Мацур, член на Управниот одбор, претставник на акционерот „АЛТА ГРОУП" ДОО Белград за претседател на Управниот одбор, да гласа „ВОЗДРЖАНО".

5. Предлог-одлука за именување на проф. д-р Александар Живковиќ за независен член на Управниот одбор, да гласа „ВОЗДРЖАНО".

## Точка 181

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари - моторни возила од Министерството за финансии на институции корисници (ЈУ меѓуопштински центри за социјална работа и ЈУ центри за социјална работа) на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Компонентата за развој на човечки ресурси, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Кавадарци, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Центар за социјална работа во Валандово, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Тетово, во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Велес, во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Центар за социјална работа во Виница, во предложениот текст.

6. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Центар за социјална работа во Ресен, во предложениот текст.

7. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Струга, во предложениот текст.

8. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Струмица, во предложениот текст.

9. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Свети Николе, во предложениот текст.

10. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Охрид, во предложениот текст.

11. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Радовиш, во предложениот текст.

12. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Штип, во предложениот текст.

13. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Скопје, во предложениот текст.

14. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Неготино, во предложениот текст.

15. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Прилеп, во предложениот текст.

16. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Центар за социјална работа во Пробиштип, во предложениот текст.

17. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Центар за социјална работа во Крушево, во предложениот текст.

18. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Куманово, во предложениот текст.

19. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Македонски Брод, во предложениот текст.

20. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна стварр на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Гевгелија, во предложениот текст.

21. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Кочани, во предложениот текст.

22. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Центар за социјална работа во Кратово, во предложениот текст.

23. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Крива Паланка, во предложениот текст.

24. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Битола, во предложениот текст.

25. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Центар за социјална работа во Демир Хисар, во предложениот текст.

26. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Гостивар, во предложениот текст.

27. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Центар за социјална работа во Кичево, во предложениот текст.

28. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Берово, во предложениот текст.

29. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Дебар, во предложениот текст и

30. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Делчево, во предложениот текст.

## Точка 182

Владата ја разгледа Информацијата за спроведувањето на активностите за Поддршка на приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони - Регионални бизнис центри, ја усвои и го задолжи Министерството за локална самоуправа најдоцна до март 2020 година да ја информира Владата на Република Северна Македонија за резултатите од спроведувањето на Проектот за проширувањето на функциите на Центрите за развој на планските региони за поддршка на приватниот сектор преку воспоставување на Регионалните бизнис центри.

## Точка 183

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Дервен" Општина Битола, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи ги предвид мислењата на  Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина и Општина Битола - негативно, со оглед дека предметниот локалитет се наоѓа во границите на Националниот парк „Пелистер" во зоната за активно управување и помал дел во зоната за строга заштита.

## Точка 184

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит на локалитетот „Горно Село" општина Долнени, со Предлог-одлуки, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - негативно, со оглед дека просторот кој што е предмет на започнување на постапка за доделување на концесија се наоѓа во границите на локалитетот „Маркови Кули", во зоната на строга заштита.

## Точка 185

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Близанци" Општина Кратово и Општина Пробиштип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - метални минерални суровини на Друштвото за трговија и услуги Калтун Мадденџилик ДОО Скопје на локалитетот „Близанци" Општина Кратово и Општина Пробиштип имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина.

## Точка 186

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Забрдо“ Општина Новаци, со тендерска документација, ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на тендерската документација.

## Точка 187

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Прашник“, Општина Кавадарци, ја усвои и го одобри новиот текст на Тендерската документација.

## Точка 188

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на финансиските средства од јапонската помош за кредити за набавка на земјоделска механизација и вештачки ѓубрива кои се пласираат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2018 година (нов текст), со прилог кон Информацијата, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се обрати до јапонската влада и во рок од седум дена од денот на добивањето на согласноста од јапонската влада да достави одлука и текст на јавниот повик за пријавување интерес и поднесување барања за користење на бескаматен заем од јапонската помош за набавка на земјоделска механизација (мотокултиватори, трактори, комбајни и приклучни машини).

## Точка 189

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за статусот и моменталната состојба на повеќенаменските водостопански објекти со предлог динамика за нивно запишување во сопственост на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави мислење по материјалот.

## Точка 190

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон-г.р., Општина Сопиште, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон-г.р., Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 191

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување (викенд куќи) КО Челопек вон-г.р., Општина Брвеница, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување (викенд куќи) КО Челопек вон-г.р., Општина Брвеница, во предложениот текст.

## Точка 192

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Вашарејца, Општина Могила, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Ко Вашарејца, Општина Могила.

## Точка 193

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локално урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б1 - мали комерцијални и деловни намени, КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локално урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б1 - мали комерцијални и деловни намени, КО Мирковци, Општина Чучер Сандево.

## Точка 194

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Владимирово, Општина Берово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Владимирово, Општина Берово, во предложениот текст.

## Точка 195

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на шестоседа жичара со паркинг простор и пристапен пат и резервоар за вода со цевковод за распрскување на вештачки снег КО Лисец вон-г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на шестоседа жичара со паркинг простор и пристапен пат и резервоар за вода со цевковод за распрскување на вештачки снег КО Лисец вон-г.р., Општина Тетово, во предложениот текст.

## Точка 196

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ КО Драгов Дол, Општина Македонски Брод, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ КО Драгов Дол, Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

## Точка 197

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% во Република Северна Македонија и го утврди со следните заклучоци:

1. Насловот на Предлог-законот да гласи „Предлог-закон за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија" и текстот на Предлог-законот да се преработи во оваа насока.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 198

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на под-проектот „Изградба на Воспитно-поправен дом Тетово, Општина Брвеница" ја усвои Информацијата и даде одобрение за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучените договори за

изградба на објектите во ВПД Тетово, Општина Брвеница, со изведувачот ДГТ „Жикол“ ДООЕЛ експорт - импорт Струмица, како и со „Давос Инвест“ ДООЕЛ Скопје за вршење на стручен надзор.

Истовремено, Владата заклучи согласно Мислењето на Министерството за финансии (со укажување при утврдување на динамиката на реализација и плаќање на обврските по склучени повеќегодишни договори за изградба на објектите во ВПД Тетово, Општина Брвеница, во рамки на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“), да се имаат предвид максималните износи на расходи и истите да се реализираат во рамките на одобрените средства за овој проект.

## Точка 199

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - андезит на Друштвото за градежништво производство трговија и услуги „ДИНЕ ТРЕЈД“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка на локалитетот „Косовица“ с.Узем, Општина Крива Паланка и условно ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за економија да обезбеди и во прилог да достави уверение за платени даноци и придонеси на Друштвото за градежништво производство трговија и услуги „ДИНЕ ТРЕЈД“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка.

Исто така и во Образложението да се наведе датумот и записникот од извршениот увид.

## Точка 200

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за основање на државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и нема забелешки по истиот.

## Точка 201

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за основање на Технолошко - технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и нема забелешки по истиот.

## Точка 202

Владата ја симна од Дневен ред Иницијативата од Ацо Анастасовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.90/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19), согласно Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 203**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од Ванчо Велинов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став 5 точка 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), поради потребата Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за економија и Секретаријатот за законодавство да подготви заедничко мислење и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 204**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 68 став 3 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави заедничко мислење со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 205**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Борис Јанкуловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2019) за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Министерството за внатрешни работи да достави заедничко мислење со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 206**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од адвокат Ибраим Бајрами од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 алинеја 2, член 14 став 1 алинеја 2 и член 67 став 1 алинеја 2 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2019) за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Министерството за внатрешни работи да достави заедничко мислење со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 207

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Ристо Бачев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.119/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 63 став 4 алинеја 3 во делот: „очигледно" и „односно се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек" од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави заедничко мислење по Иницијативата.

## Точка 208

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3423 за КО Глуво Бразда на КП бр. 3296 викано место Под Церово и по истото ги усвои мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 209

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување доставено под И. бр. 653/18 со дополнувањето и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за управување со одземен имот и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, како и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 210

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мирче Ристески од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1658 за КО Коњско на КП бр.2435/4 викано место/улица Св. Стефан и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 211

**1.** Владата на Насер Демири по престанок на функцијата заменик на директорот на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии му утврди право за остварување плата по престанување на функцијата, за време од 12 месеци, сметано од 22.9.2019 година до 22.9.2020 година.

**2.** Владата на Митко Крстевски, директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му утврди право на

надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходните три месеци, сметано од 10.9.2019 година.

**3.** Владата ја разреши Елена Трпковска од должноста член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на нејзино барање.

**4.** Владата го именува Љупчо Аврамовски за истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**5.** Владата го именува Ремзи Абдулахи за вршител на должноста заменик -директорот на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**6.** Владата го именува Бесник Азири за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Куманово"- Куманово.

**7.** Владата го разреши Исни Јакупи од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

**7.1.** Владата го именува Касам Демири за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

**8.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- П.О. Скопје, за заменик на директорот на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- П.О. Скопје, да го именува Берат Дехари.

**9.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, за заменик на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, да го именува Исни Јакупи.

**10.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" Скопје, за заменик на директорот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" Скопје, да го именува Брахим Ајвази.

**11.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- П.О. Скопје, за заменик на директорот на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- П.О. Скопје, да го именува Берат Дехари.

**12.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, за заменик на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, да го именува Исни Јакупи.

**13.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" Скопје, за заменик на директорот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" Скопје, да го именува Брахим Ајвази.

## Точка 212

**1.** По повод Барањето за покровителство на Здружението „Училишни лидери" до Канцеларијата на претседателот на Влада на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-3172/1 од 9.10.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на Петтата Регионална конференција на училишни директори од 28.10. до 30.10.2019 година, Владата заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 - Администрација, потпрограма 10 - Администрација, 464 - Разни трансфери да уплати 30.000,00 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 7 октомври 2019 година до 13 октомври 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Во врска со склучувањето на договорите за доделување на финансиска поддршка на правните субјекти, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции (од точка 13 до точка 179 од Дневниот ред), Владата заклучи д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и м-р Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија да извршат посета на правните субјекти на кои им се доделува финансиската поддршка.

## Точка 213

Владата ја разгледа Информацијата со табеларен преглед за сите еднострано раскинати договори за експлоатација на минерални суровини во 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 214**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за јули 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 215**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за август 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 216**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година и ја донесе Програмата со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство редакциски да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 217**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на добиено барање на одгледувачите на пчели од регионот на Демир Хисар и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да формира комисија за решавање на проблемот со неплатените субвенции на одгледувачите на пчели од регионот на Демир Хисар за 2018 година од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, која ќе биде составена од преставници од Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Се задолжува комисијата, во рок од седум дена, да достави записник од извршен увид за проблемот со неплатените субвенции до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Се задолжуваат Агенцијата за храна и ветеринарство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а врз основа на записникот од извршениот увид на комисијата, да достават соодветно решение за исплата на 36 баратели на финансиска поддршка за подмерките за пчеларство од регионот на Демир Хисар.

**Точка 218**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од зголемување на финансиските средства во рамки на иницијативата за задолжување за реализација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, веднаш, да подготват и достават барање до Европската банка за обнова и развој и Европската инвестициона банка за дополнителни финансиски средства за финансирање на проектот согласно новата инвестициска вредност на проектот од 136 милиони евра, со заеми од банките, инвестициски грантови, како и грантови за техничка помош за проектот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје и Град Скопје, да достави најава за аплицирање за инвестициски грант за овој проект во рамки на 5-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 29.10.2019 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје и Град Скопје, да ја достави апликацијата за инвестициски грант за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, заедно со писмо за поддршка од Министерството за финансии, до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 27.11.2019 година.

4. Се задолжува НИПАК/Секретаријатот за европски прашања да ја поднесе Апликацијата за инвестициски грант за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, во рамки на 5-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) до Европската Комисија, најдоцна до 29.11.2019 година.

<u>Точка 219</u>

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

*
*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 23:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**